**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2013 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 4/13), Министерството за економија објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
### За организирање на натпревар за започнување на бизнис

1. **Предмет на јавниот повик е организирање на бизнис натпревар- „Биди перспективен започни свој бизнис.** Министерството за економија овој проект го реализира во соработка со: Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за образование и наука, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", Државниот Универзитет во Тетово, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Бирото за развој на образованието и Бизнис старт-ап центарот при Машинскиот факултет.

**4. Право на учество** имаат студенти и млади претприемачи на возраст до 30 години.
Се покануваат сите студенти и млади претприемачи да аплицираат со идеи за започнување на бизнис, кои ќе бидат евалуирани од страна на посебна комисија.

5. **Со бизнис идеи моше да аплицирате на** www.konkurentnost.mk со регистрација и со пополнување на формуларот од порталот, со што станувате учесник на натпреварот за започнување на бизнис.

6. **Критериуми** за селекција на бизнис идеи:

| | |
|---|---|
| -Иновативни | 40% |
| -Профитабилни | 30% |
| -Изводливост | 30% |

7. Студентите и младите претприемачи чии бизнис идеи ќе бидат избрани во потесниот круг помеѓу 30-те најдобри ќе добијат право за учество на обука составена од 13 модули со цел да бидат адекватно оспособени за преточување на нивните идеи во бизнис план. По

завршувањето на обуките секој од учесниците треба да изработи и достави бизнис план, по што ќе следува селекција на најдобрите 10 бизнис плана и нивна презентација, а за трите најдобри ќе бидат доделени плакети, ваучери и парични награди.
Право на аплицирање со бизнис план ќе имаат сите кои сакаат да учествуваат на натпреварот, без разлика дали учествувале на обуките.

8. **Јавниот повик** за аплицирање на бизнис идеи трае до 15 март, 2013 година.

За дополнителни информации

http://www.konkurentnost.mk/BiznisIdeaOpis.aspx

тел. (02) 3093 445; (02) 3093 431